**ПРАВИЛА НА ПРОМОЦИЈАТА „Роаминг услуга за корисниците на премиум картички Visa Premium"**

**Официјални дефиниции**

**Банка**– правно лице кое врши дејност согласно банкарската лиценца издадена во Република Казахстан, Република Белорусија, Република Узбекистан, Република Молдавија, Република Србија, Грузија, Киргиската Република, Ерменија, Република Северна Македонија и има исклучиво право да дава банкарски услуги. **Изведувач –**HighPass Europe OÜLLC, број за идентификација на правното лице: 14732451, со седиште на адреса: Vahulille tee 6/2-35, 12015 Tallinn, Estonia. Контакт на Изведувачот за добивање информации: e-mail office@highpass.aero , тел. +372 514 6527 или друг начин согласно условите на овие Правила.

**Корисници на картички** – физички лица корисници на премиум картички Visa Platinum, Visa Signature и Visa Infinite, кои имаат право да користат Роаминг во согласност со одредбите на овие Правила.

**Нарачател**–"Visa International Service Association", со седиште на адреса: USA, CA 94404-2775, Foster City, Metro Center Boulevard, 900.

**Месинџер –**мобилна апликација (програма) за испраќање на текстуални и видео пораки, поконкретно преку Viber, Telegram,WhatsApp.

**Организатор**– LIMITED LIABILITY COMPANY “INFOCUS”, број за идентификација на правното лице: 36563986, со седиште на адреса: 01023, Sportyvna sq.  бр.1-А

**Правила**– правила на промоцијата.

**QR-код –**единствена комбинација на симболи која им овозможува на Корисниците да користат роаминг.

**Рок на важење**– до 30.09.2025, ако поинаку не биде наведено од страна на Организаторот.

**Роаминг**– пакет роаминг со големина од 3 гигабајти, кој може да се користи во 127 држави.

**Чет бот –** чет бот "VisaConcierge", преку линкот https://mssg.me/concierge_service, кој се наоѓа во месинџерите.

Сите други услови кои немаат сопствено толкување во овие Правила се користат со значењето определено во одредбите на важечкото законодавство на Република Северна Македонија.

## 1. Како да се учествува во промоцијата

1.1. За да добие Роаминг Корисникот на картичката треба да го направи следното:

**1.1.1.** да биде активен корисник на картичката;
**1.1.2.** да притисне на копчето "Роаминг" ("Roaming") во менито на Чет-ботот;
**1.1.3.** да се запознае со овие Правила;
**1.1.4.** да ја провери картичката дали има можност за пристап до Роаминг.

**1.2.** Овие Правила претставуваат основен документ меѓу Корисникот на картичката и Организаторот/Нарачателот/Изведувачот. Прифаќањето на одредбите на овие Правила се потврдува со извршувањето на дејствијата наведени во точките 1.1.1.-1.1.4. на овие Правила. Изведувачот може да има сопствени дополнителни правила / услови за доставување на Роаминг, кои не би требало да се разликуваат од овие Правила. Корисникот на картичката самостојно донесува одлука дали се согласува со таквите правила/услови и за последиците од таквата согласност.

**1.3.** Прифаќањето од страна на Корисникот на картичката се врши доброволно и има форма на склучување на писмен договор под условите кои се наведени во овие Правила, согласно член 24 точка 3 од Закон за облигациони односи на Република Северна Македонија. Делумно прифаќање на овие Правила не се дозволува.

## 2. Начин на добивање на Роаминг

**2.1.** По успешното извршување на дејствијата наведени во точките 1.1.1.-1.1.4. (под услов Роамингот да е достапен) Корисникот на картичката добива QR-код земајќи ги во предвид лимитите предвидени во овие Правила.

**2.2.** Лимитите на роамингот во текот на периодот на важење зависат од типот на картичката.

| Тип на картичката | Број на QR-кодови |
|---|---|
| **Visa Platinum** | 1 (еден) |
| **Visa Signature** | 2 (два) |
| **Visa Infinite** | 3 (три) |

**2.3.** Корисниците на картички Visa Signature и Visa Infinite не можат да генерираат QR-код за добивање на роаминг порано од 14 (четиринаесет) календарски дена по претходното користење на роаминг.

**2.4** Корисникот на картичката има 14 дена за активација на QR-кодот (роаминг услуга). По завршувањето на овој период QR-кодот повеќе нема да биде активен. Ако Корисникот на картичката не го активира кодот во текот на наведениот период, услугата не му се враќа на Клиентот и се смета дека тој ја добил/искористил.

**2.4.** Каков било паричен надомест како замена за недобиениот/неискористениот Роаминг не е предвиден.

## 3. Одговорност на Страните

**3.1.** Корисникот на картичката сноси одговорност за точноста на наведените податоци и за доставените документи согласно важечкото законодавство на Република Северна Македонија.

**3.2.** Корисникот на картичката сите приговори треба да ги поднесе непосредно до Изведувачот или Организаторот. Корисникот на картичката не може да поднесе приговор до Нарачателот. Во таквиот приговор треба да биде наведена информацијата за давањето на неквалитетна услуга (и јасно објаснување) и јасни референци кон доказите, во спротивно приговорот нема да биде прифатен за разгледување. Конечното разгледување на приговорот се врши од страна на Изведувачот, освен ако поинаку не е предвидено од страна на Организаторот.

**3.3.** Организаторот и/или Нарачателот не сносат одговорност за каква било штета која е нанесена на имотот или на лицето, како и за тоа што услугата не ги исполнила очекувањата на Корисникот на картичката или на трети лица.

**3.4.** Организаторот и/или Нарачателот не сносат одговорност за предметот, квалитетот, количината и условите на овозможувањето на Роамингот и не настапуваат како договорна страна меѓу Корисникот на картичката и Изведувачот по добивањето на Роамингот.

**3.5.** Сите елементи на Роамингот Корисникот на картичката ги прифаќа „какви што се“.

**3.6.** Секоја информација во врска со постапката за користење на Роаминг услугата е применлива и може да се користи од датумот на нејзиното обезбедување.

## 4. Други одредби

**4.1.** Организаторот има право да ангажира трети лица за исполнување на обврските кои произлегуваат од овиие Правила.

**4.2.** Во случај на настанување на ситуација поврзана со различно толкување на овие Правила, какви било спорни прашања и/или прашања кои не се регулирани со овие Правила, Организаторот/Нарачателот го задржуваат правото да ги реши таквите прашања. Таквата одлука на Организаторот/Нарачателот е конечна и не е предмет на жалба.

**4.3.** Организаторот/Нарачателот го задржуваат правото да ги менуваат овие Правила. Информацијата за измените и дополнувањата ќе се соопштува преку Чет-ботот. Измените и дополнувања стапуваат во сила од од моментот на нивното објавување, ако поинаку не е предвидено со измените/дополнувањата на овие Правила.

**4.4.** Плаќањето на даноците, таксите и задолжителните уплати се врши од страна на лице кое добило соодветна обврска согласно одредбите на важечкото законодавство во Република Северна Македонија.

**4.5.** Организаторот/Нарачателот не се вмешува во споровите меѓу Корисникот на картичката и Изведувачот по прашањата кои се однесуваат на Роамингот.